Совет на Општина Делчево
Број 09-2446/2
12.11.2025 година
Д е л ч е в о

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Прва седница на**
**Советот на Општина Делчево**

Првата седница на Советот на Општина Делчево се одржа на 12.11.2025 година, во салата АСНОМ, со почеток во 10.00 часот.

На Седницата присуствуваа сите 15 советници и градоначалникот Иван Гоцевски.

На почетокот на Седницата претседателот на Советот ги информираше членовите на Советот дека до него од страна на некои граѓани има сугестија во врска со употребата на македонскиот јазик на седнициите на Советот. Тој истакна дека ветил оти во иднина тој и членовите на Советот ќе зборуваат на литературен македонски јазик и затоа ги замоли советниците на седниците на Советот да се користи македонскиот литературен јазик.

За Првата седница на Советот на Општина Делчево, тој го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записник од Конститутивна седница**

1. Предлог-Решение за формирање на Комисија за статут и прописи;
2. Предлог-Решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР;
3. Предлог-Решение за формирање на Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина;
4. Предлог-Решение за формирање на Комисија за комунални работи и сообраќај;
5. Предлог-Решение за формирање на Комисија за јавни дејности;
6. Предлог-Решение за формирање на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените;
7. Предлог-Решение за формирање на Комисија за Комисија за спорт;

   **Образлагач**: По точките 1,2,3, 4,5, 6 и 7- Николчо Стојменовски- Претседател на Комисијата за прашањата на верификација на мандатите, изборите и именувањата.

8. Предлог-Одлука за формирање на Локален Совет за превенција;

   **Образлагач**: Иван Гоцевски-Градоначалник на Општина Делчево.

9. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

   **Образлагач**: Претставник на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

10. Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Делчево за 2025 за период 01.01.2025 до 31.03.2025 година со Предлог-Заклуок за усвојување;
11. Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Делчево за 2025 за период 01.01.2025 до 30.06.2025 година со Предлог-Заклуок за усвојување;

12. Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година;

    **Образлагач**:Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци.

13. Предлог-План на програми за развој на Општина Делчево за 2026;

**Образлагач**: Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР.

14. Предлог-Одлука за давање на времено користење движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“ Делчево;

    **Образлагач:** Наташа Димитровска-Виш соработник за информации и контакт со граѓаните.

15. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на наедвижна ствар „Градба во функција на пречистителна станица“ на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА“ Делчево“;
16. Предлог-Одлука за давање на трајно користење на наедвижна ствар „Детска градинка во Општина Делчево“ на Општинската јавна установа за деца-детска градинка „Весели Цветови“ Делчево;

    **Образлагач:** Стефанија Стојчевска –Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општина Делчево.

17. Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година;

    **Образлагач**: Сузана Петровска- Советник за информативен систем и човечки ресурси.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и истиот беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за Првата седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од Конститутивната седница, бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот од Првата седница беше ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од Конститутивната седница.

Прва точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за статут и прописи;

Во врска со Првата точка претседателот отвори расправа и за збор се јави Тони Стаменковски кој рече дека согласно член  39 од Деловникот треба да има пропорционална застапеност и затоа побара пауза за дополнителни консултации.

Претседателот даде пауза од 10 минути.

По паузата во врска со Првата точка за збор се јави Дејан Јовановски кој предложи листа за претседател и членови на Комисијата за статут и прописи и тоа:

1. Ирена Ристовска, претседател
2. Горан Димитровски , член
3. Бобан Никовски , член
4. Ангела Атанасова, член
5. Александра Гошевска, член

Бидејќи никој друг не се јави збор, расправата беше затворена, а точката ставена ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за формирање на Комисија за статут и прописи.

**Втора точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР;**

Претседателот отвори расправа по втората точка.

За збор се јави Адријана Илиевска Велковски која предложи листа за претседател и членови на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР и тоа:

1. Горан Николовски, претседател
2. Ангела Атанасова , член
3. Дејан Јовановски , член
4. Ирена Ристовска, член
5. Катерина Величковска, член

Бидејќи никој друг не се јавуваше збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за формирање на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР.

**Трета точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина;**

Претседателот отвори расправа по третата точка.

За збор се јави Билјана Тодоровска која предложи листа за претседател и членови на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина и тоа:

1. Исусе Десподовски, претседател
2. Игор Гошевски , член
3. Николчо Стојменовски, член
4. Тони Стаменковски, член
5. Адријана Илиевска Велковски, член

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за формирање на Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина.

**Четврта точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за комунални работи и сообраќај;**

Претседателот отвори расправа по третата точка.

За збор се јави Ангела Атанасова која предложи листа за претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај и тоа:

1. Николчо Стојменовски , претседател
2. Горан Николовски , член
3. Александра Гошевска , член
4. Тони Стаменковски, член
5. Виктор Ѓеоргиевски, член

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за формирање на Комисија за комунални работи и сообраќај.

**Петта точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за јавни дејности;**

За збор се јави Виктор Ѓеоргиевски кој предложи листа за претседател и членови на Комисијата за јавни дејности и тоа:

1. Билјана Тодоровска , претседател
2. Ирена Ристовска , член
3. Исусе Десподовски , член
4. Горан Димитровски, член
5. Бобан Никовски член

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за формирање на Комисија за јавни дејности.

**Шеста точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените;**

За збор се јави Горан Николовски кој предложи листа за претседател и членови на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените и тоа:

1. Адријана Илиевска Велковски , претседател
2. Катерина Величковска , член
3. Билјана Тодоровска , член
4. Исусе Десподовски-, член
5. Виктор Ѓеоргиевски, член

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за формирање на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

**Седма точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за Комисија за спорт;**

За збор се јави Ирена Ристовска која предложи листа за претседател и членови на Комисијата за спорт и тоа:

1. Виктор Ѓеоргиевски , претседател
2. Исусе Десподовски , член
3. Александра Гошевска , член
4. Игор Гошевски, член
5. Дејан Јовановски, член

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани, нема, Советот на Општина Делчево го донесе Решението за формирање на Комисијата за спорт.

**Осма точка-Предлог-Одлука за формирање на Локален Совет за превенција;**

Образлагач по точката беше Иван Гоцевски-Градоначалник на Општина Делчево кој на почетокот на советниците им посака успешна и плодна работа и носење на одлуки во интерес на граѓаните.

Што се однесува на точката Одлука за формирање на Локален Совет за превенција тој истакна дека тој како градоначалник, согласно законските прописи е и претседавач со овој Совет.
ЛСП е советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата, а целта на Локалниот совет за превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Локалниот совет за превенција (ЛСП) е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации. Она што е многу важно и што го потенцираше градоначалникот, а не било случај во претходниот мандат на ова тело, е Локалниот Совет за превенција е редовно да се состанува, да одржува состаноци и постојано да работи на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата, градењето на довербата и превенирање на негативни појави и влијанија врз јавната безбедност и безбедноста на патиштата.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Тони Стаменковски којшто истакна дека во претходните 4 години Локалниот Совет за превенција не бил свикан ниту еднаш од страна на претходниот градоначалник и затоа го поддржа градоначалникот кој особено ја потенцираше потребата од одржување на редовни седници на овој совет.

Претседателот на Советот исто така истакна дека е потребно почесто да се одржуваат седници на ЛСП и изрази надеж дека сите чинители и градоначалникот, и Советот и ЛСП ќе дадат свој придонесе и ќе бидат носени одлуки за општо добро на сите.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делечво ја донесе Одлуката за формирање на Локален Совет за превенција.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;**

Оваа точка беше образложена од страна на членот на Советот Горан Димитровски и претходно директор на ова училиште кој рече дека претходниот состав на Советот има донесено Одлука за согласност за формирање паралелки со помал број на ученици, но се јавила потреба од измена на оваа одлука. Имено, во ПУ во с. Стамер било дадено согласност за формирање на една комбинирана паралелка во прво и трето одделение, но единствениот ученик од прво одделение се иселил во Кавадарци и затоа сега има потреба да биде чиста паралелка во прво одделение.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема и 2 кои не гласаат, Советот на Општина Делечво ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Претседателот на Советот даде пауза по изгласувањето на оваа точка со цел соодветните комисии да ги разгледаат наредните неколку точки.

По паузата од 20 минути, седницата продолжи со дневниот ред, т.е. со десеттата точка.

**Десетта точка-Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Делчево за 2025 за период 01.01.2025 до 31.03.2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Ана С.Димитровска која рече дека ќе даде единствено образложение и по двете точки. Таа истакна дека вкупните реализирани приходи на општината за првиот квартал (јануари-март 2025) изнесуваат **94.441.409** денари , или **21,3%** од вкупно планираните приходи во буџетот на општината. Износот на вкупно реализираните приходи во првиот квартал од 2025 година, споредено со износот на реализираните вкупни приходи во првиот квартал од претходната година покажува зголемување од **11.763.412** денар, додека процентот на реализација е скоро ист со првиот квартал од претходната година.Процентот на реализација на тековно оперативните приходи во основниот буџет е 26,5%, додека на капиталните приходи е 5,3%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 162.594.846 денари а релизирани се 19,5% односно 31.756.363 денари, реализацијата е иста со истиот период 2024 година. Во буџетот на наменска дотација од планирани 260.846.488 денари приходи , реализирани се 58.858.783 денари односно 22,5%,и истата е зголемена за 2,3% во однос на истиот период 2024 година. Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 17,8% , односно од планирани 13.853.000 денари реализирани се 2.468.593 денари, и истата е зголемена за 5,5% во однос на истиот период лани. Кај буџетот на донации од планирани 5.592.054 денари, реализирани се 1.357.670 денари или реализација од 24,2%. Овде споредбено со истиот период од лани имаме зголемување од 5
Од анализата на видовите приходи по економска класификација се гледа дека реализацијата кај група **71-даночни приходи** е 23%.Во оваа група најголема реализација има кај конто 713113(данок на имот од правни лица) од 37,7%. Реализацијата на **72-неданочните приходи** во првиот квартал од 2025 е 17,5 %, .Групата **74-Трансферите и донациите** на ниво на вкупен буџет се со реализација од 21,4 %, додека реализацијата во основниот буџет е 31,6% .Во капиталниот биланс,**група 73-Капиталните приходи** заклучно со 31.03.2025 година се наплатени во износ од 393.903 денари,од вкупно планирани 7.265.000 денари односно 5,4 %. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација .

Што се однесува до вкупните расходи во целиот буџет, таа рече дека тие се планирани во износ од 442.886.388 денари. Од нив се реализирани 86.349.945 денари или 19,5%. Износот на вкупно реализираните расходи во првиот квартал од 2025 година, споредено со износот на реализираните вкупни расходи во првиот квартал од претходната година покажува зголемување од 11.203.136 денари, додека процентот на реализација е ист во споредба со првиот квартал од претходната година.
Во основниот буџет од планирани 162.594.846 денари за расходи, реализирани се 28.469.484 денари или 17,5%.
Ако се направи подетална анализа по расходни групи ќе се види дека:
**На група 40-Плати, наемнини и надоместоци** за вработените-реализирани се 60.848.438 денари од вкупно планирани 269.450.050 денари или 22,5%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .
Во првиот квартал нема реализација кај групата 41-Резерви и недефинирани расходи.
Реализацијата во **група 42-Стоки и услуги** е 14,8 %, односно од предвидени 59.518.000 денари потрошени се 8.834.194 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи.
**Во група 45- камати**, реализирани се 614.949 денари од планирани 1.800.000 денари или 34%
**Кај група 46-Субвенции и трансфери,** реализацијата е 13% односно од предвидени 11.621.054 денари потрошени се 1.509.618 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски решенија и др. решенија.
Реализацијата кај група **47-Социјални бенефиции е** 20,2%, односно од планирани 1.530.000 денари заклучно со 31.03.2025 потрошени се 309.441 денари.Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња.
50% реализација имаме кај група **49 отплата на главница,** тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.
Капиталните расходи се со процент на реализација од 12,48% до 31.03.2025, односно од планирани 93.707.284 денари се потрошени 11.693.947 денари, или Зголемување за 4% во однос на реализацијата на капиталните расходи во истиот период 2024 година.
Во оваа расходна група влегуваат расходи за исплата по ситуации за реконтрукција на АСНОМ, надзор и ревизија над изградбите, за експропријација се исплатени 2.473.666 денари, за реконструкција на столбови во Градски парк, расходи за изградба на новата детска градинка, расходи за водовод во Пролет.

Во врска со вториот квартал таа истакна дека Вкупните реализирани приходи на општината за вториот квартал (јануари-јуни 2025) изнесуваат **189.834.302** денари , или **42,3%** од вкупно планираните приходи во буџетот на општината за 2025 година. Износот на вкупно реализираните приходи во вториот квартал од 2025 година, споредено со износот на реализираните вкупни приходи во првиот квартал од претходната година покажува зголемување од **24.931.704** денар, додека процентот на реализација е за скоро 3% помал во споредба ист со првиот квартал од претходната година.
Процентот на реализација на тековно оперативните приходи во основниот буџет е 26,5%, додека на капиталните приходи е 13,73%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 162.594.846 денари а релизирани се 37% односно 60.334.373 денари, реализацијата е иста со истиот период 2024 година. Во буџетот на наменска дотација од планирани 265.759.618 денари приходи , реализирани се 122.061.588 денари односно 46%,и истата е намалена за 4% во однос на истиот период 2024 година. Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 30% , односно од планирани 14.702.200 денари реализирани се 4.430.589 денари, и истата е зголемена за 1% во однос на истиот период лани. Кај буџетот на донации од планирани 5.592.054 денари, реализирани се 3.007.752 денари или реализација од 54%. Овде споредбено со истиот период од лани имаме зголемување од 24%.

Од анализата на видовите приходи по економска класификација се гледа дека реализацијата кај група **71-даночни приходи** е 41,5%.Во оваа група најголема реализација има кај конто 717116(комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување) од 75%. Реализацијата на **72-неданочните приходи** во

првиот квартал од 2025 е 34,5 %, .Групата **74-Трансферите и донациите** на ниво на вкупен буџет се со реализација од 43 %, додека реализацијата во основниот буџет е 36%

Во капиталниот биланс,**група 73-Капиталните приходи** заклучно со 31.06.2025 година се наплатени во износ од 997.184 денари,од вкупно планирани 7.265.000 денари односно 14 %. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација .

Вкупните расходи во целиот буџет се планирани во износ од 448.648.718 денари. Од нив се реализирани 179.357.337 денари или 40%. Износот на вкупно реализираните расходи во вториот квартал од 2025 година, споредено со износот на реализираните вкупни расходи во првиот квартал од претходната година покажува зголемување од 26.208.998 денари, додека процентот на реализација е за 2% поени помал во споредба со вториот квартал од претходната година.

Во основниот буџет од планирани 162.594.846 денари за расходи, реализирани се 57.770.031 денари или 36%.

Ако направиме подетална анализа по расходни групи ќе видиме дека:

**На група 40-Плати, наемнини и надоместоци** за вработените-реализирани се 125.107.631 денари од вкупно планирани 269.450.050 денари или 46,4%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .

Во првиот квартал нема реализација кај групата 41-Резерви и недефинирани расходи.

Реализацијата во **група 42-Стоки и услуги** е 30 %, односно од предвидени 60.891.937 денари потрошени се 18.548.511 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи.

**Во група 45- камати**, реализирани се 614.949 денари од планирани 1.800.000 денари или 34%

**Кај група 46-Субвенции и трансфери,** реализацијата е 37% односно од предвидени 11.771.054 денари потрошени се 4.301.875 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски решенија и др. решенија.

Реализацијата кај група **47-Социјални бенефиции е** 40%, односно од планирани 1.530.000 денари заклучно со 30.06.2025 потрошени се 617.763 денари.Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња.

50% реализација имаме кај група **49 отплата на главница,** тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.

Капиталните расходи се со процент на реализација од 28% до 30.06.2025, односно од планирани 97.945.677 денари се потрошени 27.627.250 денари, и овде имаме зголемување од 7% во однос на реализацијата на капиталните расходи во истиот период 2024 година.

Во оваа расходна група влегуваат расходи за исплата по ситуации за изградба и реконструкција на улици од општ тендер, надзор и ревизија над градбите, за експропријација се исплатени 3.873.709 денари, за приклучоци во водоводна мрежа во с.Звегор и Габрово, исплата на улици во Ново Делчево, расходи за изградба на новата детска градинка и сл. Доколку имате некои прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Тони Стаменковски кој побара во иднина со материјалите за кварталните извештаи до советниците да се доставува Образец К3 кој се однесува на промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

Ана Ситновска Димитровска рече дека до Министерството за финансии се доставува и тој Образец К3, а доколку советниците бараат, ќе се доставува и до нив.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот на Советот го повика претседателот на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР да го соопшти ставот на комисијата.

Горан Николовски претседател на оваа комисија истакна дека биле разгледани и двете точки и ставот на комисијата е дека Советот треба да ги усвои кварталните извештаи, односно да донесе Заклучок за нивно усвојување.

Претседателот на Советот на гласање ја стави 10.точка- Квартален извештај за извршувањето на

буџетот на општина Делчево за 2025 за период 01.01.2025 до 31.03.2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Делчево за 2025 за период 01.01.2025 до 31.03.2025 година.

На гласање беше ставена и **единаесетта точка-Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општин**а Делчево за 2025 за период 01.01.2025 до 30.06.2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Делчево за 2025 за период 01.01.2025 до 30.06.2025 година.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет, сметководство и администрирање на даноци која рече дека оваа одлука се однесува на измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Делчево за 2025 година. Имено, измената се однесува во програмата N10-основно образование , односно 2 милиони денари се пресметани помалку на 402210.

Претседателот на Советот отвори расправа и праша по чие барање се прави таа измена?

А.С.Димитровска рече дека измената се прави на барање на ООУ „Св.Климент Охридски“.

Бидејќи никој друг од советниците не се јавуваше за збор, претседателот на Советот го повика претседателот на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР да го пренесе ставот на комисијата.

Горан Николовски истакна дека комисијата ја разгледала и оваа одлука и има мислење Советот на Општината да ја донесе одлуката како што е предложена.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**.

**Тринаесетта точка-Предлог-План на програми за развој на Општина Делчево за 2026;**

Оваа точка ја образложи по точката беше Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР кој рече дека овој план на програми за развој е составен дел на Буџетот и дека е ист како од минатата години од причини што некои од проектите се завршени целосно, но плаќањето треба да се изврши во 2026 година, а дел од проектите остануваат да се реализираат во 2026 година. Станува збор за следните проекти кои се наведени во самата одлука и тоа:

1. Програма ЈД, Потпрограма ЈДД – Улици во СРЦ Делчево (улица 5, улица 6 и улица 8);
2. Програма ЈД, Потпрограма ЈДЕ – Улици во населба Пролет (улица 4в,дел од ул.4б, дел од ул.3, дел од ул.5 и дел од ул.1)
3. Програма ЈД, Потпрограма ЈДФ – Реконструкција на улица Индустриска
4. Програма ЈД, Потпрограма ЈДГ – Реконструкција на дел од улица с.Звегор
5. Програма ЈД, Потпрограма ЈДХ- Изградба на краци од улица Драмечка,изградба на улици во населба Басарица
6. Програма ЈД, Потпрограма ЈДИ- Реконструкција и изградба на улици во централно градско подрачје УЕ2-дел од блок 2.2
7. Програма ЈД, Потпрограма ЈДЈ – Изградба на дел од ул.Видое Смилевски Бато (со потпорен ѕид)
8. Програма ЈД, Потпрограма ЈДК- Реконструкција на дел од улица Кочо Рацин
9. Програма РА, Потпрограма РАБ – Регулација на корито на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево возводно 320 мтр.
10. Програма РА, Потпрограма РАЦ- Фекална и атмосферска канализација во централно градско подрачје У.Г.**2**.2 блок 2.2

Претседателот отвори расправа по точката.

Никој од советниците не се јави за збор, затоа од страна на претседателот беше повикан претседателот на Комисијата за урбанизам и просторно планирање и заштита на ЖС да се произнесе по оваа точка.

Претседателот на Комисијата за урбанизам и просторно планирање и заштита на ЖС, Исусе Десподовски, истакна дека точката била разгледана од страна на комисијата и ставот на комисијата е да се донесе Одлука за одобрување на Планот на програми за развој за 2026.

Претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на Планот на програми за развој на Општина Делчево за 2026 година.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за давање на времено користење движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев" Делчево;**

Образлагач по точката беше Наташа Димитровска-Виш соработник за информации и контакт со граѓаните која на почетокот им го честиташе изборот на советниците и им посака успешна работа и соработка со администрацијата. Во врска со точката таа истакна дека станува збор за опремата од проектот поврзан со телемедицината кој се спроведувал пред една година, а е донација од Австриската агеницијa за развој. Вредноста на опремата е околу 30.000 евра. По завршувањето на проектот во кој биле вклучени 4 матични лекари, самата опрема е дадена на Општина Делчево. Со днешната предлог-одлука Општина Делчево ја дава на времено користење оваа опрема на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев". Опремата се состои од една централна станица и 2 мобилни монитори и носи огромен бенефит за повозрасната категорија граѓани, посебно од руралните средини.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање на времено користење движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев" Делчево;

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за давање на трајно користење на наедвижна ствар „Градба во функција на пречистителна станица" на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА" Делчево";**

Образлагач по оваа точка беше Стефанија Стојчевска –Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општина Делчево која истакна дека со оваа одлука на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА" Делчево се дава недвижна ствар „Градба во функција на пречистителна станица", зграда број 1, површина од 135 m2, на КП број 120/1, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.1202 за КО Трабbooтивиште.Недвижната ствар опишана во член 1 на оваа Одлука се дава на трајно користење без надоместок на Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА" Делчево.

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа Одлука, ќе се изврши помеѓу Општина Делчево и Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА" Делчево во рок од 8 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.Се задолжува корисникот Јавното комунално претпријатие „БРЕГАЛНИЦА" Делчево, стварта опишана во член 1 од оваа Одлука да ја стави во функција, да стопанисува со неа, да ја чува и одржува во исправна состојба стварта и да ја користи исклучиво за намената за која е дадена. Таа истакна дека користењето на недвижната ствар може да престане со Одлука на Советот на Општина Делчево согласно закон, како и во случаи кога стварта се користи спротивно на намената и извршувањето на работите за кои е дадена.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за давање на трајно користење на наедвижна ствар „Детска градинка во Општина Делчево" на Општинската јавна установа за деца-детска градинка „Весели Цветови" Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Стефанија Стојчевска –Раководител на Одделение за јавни набавки и администрирање со имотот на Општина Делчево која истакна дека со оваа одлука на Општинската јавна установа за деца -детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ" ДЕЛЧЕВО се дава:

- Недвижна ствар „Детска градинка во Општина Делчево" на улица „Мито Хаџивасилев Јасмин" бр.2 во Делчево, сопственост на Општина Делчево, запишана во Имотен Лист бр.14569, зграда број 1 на

КП број 6395/76 за КО Делчево.Недвижната ствар опишана во член 1 на оваа Одлука се дава на трајно користење без надоместок на Општинската јавна установа за деца -детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ ДЕЛЧЕВО.Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа Одлука, ќе се изврши помеѓу Општина Делчево и Општинската јавна установа за деца -детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ ДЕЛЧЕВО во рок од 8 дена од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.Се задолжува корисникот Општинската јавна установа за деца -детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ ДЕЛЧЕВО, стварта опишана во член 1 од оваа Одлука да ја стави во функција, да ја извршува основната дејност- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст, да ја чува и одржува во исправна состојба стварта и да ја користи исклучиво за намената за која е дадена.

Седумнаесетта точка-Измена на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година;

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска- Советник за информативен систем и човечки ресурси која истакна дека пред советниците е Измена на ГПВ на Општина Делчево за 2025 година, истиот материјал е доставен до советниците, но во него треба да има една промена. Која е промената, ќе ви ја соопштам во текот на образложението, рече таа и истакна дека целокупната постапка за изработката и изготвувањето на годишните планови за вработување е опишана во член 20-б од Законот за вработени во јавен сектор. Во продолежение од нејзина страна беа образложение сите позиции во самиот план, моментална/тековна состојба на вработени, пополнување на работни места преку унапредување, планирано намалување на број на вработени, како и по кој основ, потоа нови вработувања и времени вработувања. Промената се однесува на делот планирани вработувања во следната година, имено по позицијата 5, се додаваат работни позиции 6 и 7.

Процедурално реагираше Игор Гошевски кој побара претседателот да даде пауза и да се достави измената до сите членови на Советот за подобар увид во измените кои се предлагаат.

Беше дадена уште една пауза.

По паузата седницата продолжи.

Сузана Петровска истакна дека новите работни места кои се додаваат се:
Командир на ТППЕ и командир на Одделение на ТППЕ. Таа побара Советот да донесе Одлука за согласност на Измената на ГПВ со предложените измени.

Претседателот отвори расправа по точката

За збор се јави Тони Стаменоковски кој ја праша образлагачот како досега функционирала ТППЕ без тие две работни мета и дали се итни.

Сузана Петровска рече дека тие две работни места не се нови, тие веќе постојат во Сисметатизазијата, едното било слободно/непополнето – командир на ТППЕ, а другото командир на Одделение на ТППЕ било пополнето, но сега лицето кое било на тоа работно место, поднело оставка и затоа има потреба од измена на ГПВ.

Катерина Величковска праша дали во делот на вработување се предвидума плата само за 1 месец, на што образлагачот одговори потврдно.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 4 „ВОЗДРЖАНИ“, „ПРОТИВ“-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за согласност на Измената на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2025 година;

Претседателот констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори оваа седница на Советот.

Седницата заврши во 12:35 часот.

Записникот го водела,
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски